# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## Од Сто и седмата седница седница на Собранието на Република Македонија одржана на 29 мај 2002 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 16,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-динот Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во салата имаме 65 пратеници.

Дами и господо пратеници, Ја отворам Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Данило Глигоровски, ЃУлистана Марковска, Кирил Андоновски и Радмила Шеќеринска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се Претседателот на Република Македониај г-динот Борис Трајковски.

Претседателот и члeновите на Валдата на РМ.

Претседателот на Републичкиот судски совет.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за дополнување на Законот за внатрешни работи.

Предлогот на овој закон Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапак на овој закон.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи г-динот Елмази.

**РЕФЕТ ЕЛМАЗИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, согласно Рамковниот договор Министерството за внатрешни работи подготви, а Владата на РМ разгледа и утврди измени на 4 закони и тоа:

- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, по итна постапка;

- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за лична карта;

- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција, по итна постапка:

- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, по итна постапка.

Како што е познато со овие закони се имплементира амандманот V од Уставот на Република Македонија со кој се менува членот 7 од Уставот, а се однесува на употреба на јазиците и издавање на личните документи на граѓаните и Анекс Б-точка 8, закони кои се однесуваат на употреба на јазиците од Рамковниот договор од 13 август 2001 година, според кој до крајот на мандатот на сегашното Собрание, Собранието на РМ треба да усвои легислатива за издавање на лични документи и измена на други релевантни закони, со цел одредбите за употреба на јазиците да бидат во целост во согласност со Оддел VI од Рамковниот договор и одредбите на Рамковниот договор за легислатива која се однесува на полицијата лоцирана во општините.

При подготвување на овие закони користени се стандардите на Рамковната конвенција на Советот на Европа за заштита на националностите и на националните малцинства особено одредбите на член 11 ратификувана од Република Македонија во 1997 година и целосно се применети во образецот на личните документи, бидејки има поле за потпис на имателот на овие исправи што дава можност граѓанинот, без оглед на заедницата на која и припаѓа своето лично име да го потпише на јазикот и писмото што го употребува.

(Со седницата продолжи да раководи г-динот Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието).

Текстовите на овие законски измени се усогласени на средбата на лидерите на четирите политички партии потписнички на Рамковсниот договор и претставниците на Европската Унија кај Претседателот на Република Македонија г-динот Трајквоски кој се одржа на 11 мај...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине заменик министер говорете само за едниот закон, а не комплетно за сите.

**РЕФЕТ ЕЛМАЗИ:**

Што се однесува до Законот за внатрешни работи, измените во овој закон се условени со амандманот VI од Уставот на РМ со кој, како темелна вредност на уставниот поредок на РМ во членот 8 алинеја 2 од Уставот се додава соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа.

Одредбите на Рамковниот договор Анекс-Б за усвојување на легислатива која се однесува на полицијата лоцирана во општините и неговиот Закон за локална самоуправа.

Со Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи по итна постапка, со Предлог закон се предвидува дополнување на овој Закон со одредби за избор на раководителот на подрачната единица на Министерството член 20-а, член 20-б и член 48-а, според кои при вработување на лица во МВР ќе бидат соодветно и правично застапени и граѓаните кои припаѓаат на сите заедници и ќе се почитуваат критериумите на стручност и компетентност.

Ова е што се однесува до Законот за внатрешни работи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Предлогот на Валдата го ставам на гласање. - Ве молам, да гласаме.

(Со седницата продолжи да претседава претседателот Стојан Андов).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласаа 67 пратеници, за гласаа 56, воздржано гласаа 9 пратеници, против гласаа 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за лична карта.

Предлогот на овој закон Ви е доставен.

Во основа, заменик министерот даде образложение и за него, но го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Земете збор уште еднаш.

**РЕФЕТ ЕЛМАЗИ:**

Со овој закон се предвидуваат измени во постојниот Закон во образецот на личната карта и запишувањето на податоците во неа.

Согласно амандманот 5 од Уставот на РМ и Рамковниот договор со што ќе се овозможи образецот на личната карта да се печати на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на англиски јазик и неговото латинско писмо. Притоа, податоците во образецот на личната карта се запишува на македонски јазик и неговото кирилско писмо, а податоците за името и презимето на граѓанинот, полот и држвјанството да се запишуваат и на англиски јазик и неговото латинично писмо.

На граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик образецот на личната карта се печати и податоците се пишуваат во него и на службениот јазик и на писмото што го употребува граѓанинот.

Ова е што се однесува до Законот за лична карта.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сметате дека има основа од итна потреба.

Предлогот на Владата го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратаници, за гласаа 60, воздржано гласаа 8 пратеници, против гласаа 5 пратеници.

Констатирам дака Собраниато го усвои предлогот.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнувања на Законот за матичната евиденција.

Предлогот на овој закон Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор заменик министерот.

**РЕФЕТ ЕЛМАЗИ:**

Согласно член 1 од Законот за матичната евиденција, матичнита книги и изводите и уверенијата што *се* издаваат врз основа на матичните книги се јавни исправи. Поради тоа, имајќи предвид дека основа за издавање на лични документи на граѓаните лична карта, патна исправа и друго се лични податоци за граѓанинот содржани во матичните книги. Са предлага матичните книги да се водат на македонски јазик и неговото

кирилско писмо. Во подрачјата на единиците од Локалната самоуправа во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, образецот на матичните книги и податоците во него ќе се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот.

Изводите што се издаваат врз основ а на матичните книги ќе се издаваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеници, за гласаа 64, воздржано гласаа 8 пратеници, против гласаа 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Предлогот на овој закон Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор заменик министерот.

**РЕФЕТ ЕЛМАЗИ:**

Што се однесува за овој закон за безбедност на сообраќајот на патиштата одредбите од амандман 5 од Уставот на РМ во овој Закон се имплементирани во делот на сообраќајните знаци, возачката дозвола, дозволата за возач на трактор и на возачката потврда, сообраќајната дозвола и потврдата за регистрација.

Имено, сообраќајните знаци се еднообразни на територијата на РМ согласно Конвенцијата на ОН за знаци на патиштата и сигнализација од 1968 година при што се предвидува на подрачјата на единиците на локалната самоуправа во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, сообраќајните знаци се за известување и дополнителните табли кои се составен дел на сообраќајните знаци, да се напишани покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на тој службен јазик и писмо.

Исто така на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од макеодонскиот јазик образец на возачката дозвола, дозволата за возач на трактор, возачка потврда, сообраќајна дозвола и потврда за регистрација се печатени и податоците во нив се пишуваат и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 76 пратеници, за гласаа 67, воздржано гласаа 7 пратеници, против гласаа 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка.

Предлогот на овој закон Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор министерот за правда.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Итноста за донесување на Законот за изменување и дополнување на Закаонот за кривична постапка се состои од следното:

Согласно Рамковниот договор поточно реализацијата на втората фаза за спроведување на Рамквониот договор т.е. на извршување на уставните амандмани кои беа донесени од страна на Собранието на РМ овој собраниски состав треба да донесе одредена група на закони, а кои за цел ја имаат реализацијата или имплементацијата на уставните измени.

Со законот за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка, бидејки овој закон спаѓа во таа категорија на закони според кои треба да се имплементира амандманот 5 од Уставот на РМ и во Кривичната постапка, Владата смета дека овој закон треба да се донесе по итна постапка од причините што ги наведов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, 68 пратеници гласале за, воздржано гласале 6 пратеници, никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка.

Предлогот на овој закон Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор министерот за правда.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Основата од итно донесување на овој закон се состои исто така од причините што ги нагласив за претходниот закон т.е. спроведување на Рамковниот договор по однос на употребата на јазиците во судските постапки, како и што е основ за донесување по итна постапка на овој закон се и роковите кои исто така ги спомнав, а тоа е дека овој собраниски состав треба да го донесе и овој закон. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 71 пратеник, за гласале 66 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Владата на РМ предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка.

Предлогот на законот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесвување по итна постапка на овој закон.

Има збор министерот за правда.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

По однос на неодложната потреба за итно донесување и на овој закон важи или итноста се состои од тоа што реков за двата претходни закона, а тоа е реализација односно пресликување во закон на одредбите на амандманот 5 од Уставот по однос на употребата на јазиците во судските постапки, како и роковите дека треба овој собраниски состав да го донесе и овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Вкупно гласале 70 пратеници, од кои 65 за, четири воздржано и еден против.

Констатирам дека Собрание го усвои Предлогот на Владата.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за дополнување на Законот за управните спорови.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор министерот за правда.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Итноста исто така се состои во тоа што значи рок и обврска за донесување и на овој закон поради реализација и имплементација на Амандманот V на Уставот и во овие постапки да се реализира или имплементира Амандманот V. Значи во прашање се рокови и обврски, па поради тоа предлагаме по итна постапка да се донесе и овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

( по гласањето)

Вкупно гласале 69 пратеници, од кои 63 за, четири воздржано и двајца против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници.

Предлогот на овој закон Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор министерот за правда.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Во прашање се, г-да пратеници, рокови, во прашање е тоа што е договорено дека треба овој собраниски состав да го донесе и овој закон, кој е во листата на закони кои беа во дневниот ред или во агендата за усогласување и за донесување во втората фаза за реализација на Рамковниот договор, а всушност овде се работи за утврдување на одредби со кои ќе се имплементира Амандманот VI, согласно кој припадниците на сите ентитети односно заедници на РМ при вработувања во други области, како што е и областа државна управа да бидат соодветно и правично застапени.

Поради тоа, бараме Собранието по итна постапка да го донесе и овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

(по гласањето)

Вкупно гласале 70 пратеници, од кои 60 за, 6 воздржано и 4 против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во "Службен весник на РМ".

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор министерот за правда.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Почитувани пратеници, во прашање е донесување на закон со кој тоа што било договорено во Охрид треба да се озакони. Тоа значи употребата на јазиците и при објавување на прописите односно законите во "Службен весник". Исто така се работи за рокови, а образложението го поткрепувам и со тоа дека се работи за мала измена и исто така бараме и овој закон да се донесе по итна постапка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

(по гласашето)

Вкупно гласале 73 пратеници, од кои 65 за, 4 воздржано и 4 против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите за државната управа.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор министерот за правда.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

И за овој закон важи истото образложение, почитувани пратеници.

Се работи за закон кој е поврзан со Рамковниот договор, а исто така дополнително се работи за закон кој е поврзан со Законот за локална самоуправа и поради спроведување на законот за локална самоуправа треба да се измени и Законот за органите на државната управа. Исто така, во прашање се рокови и овој закон треба да го донесе ова Собрание. Поради тоа, бараме овој закон да биде донесен по итна постапка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (по гласањето)

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 61 за, 3 воздржано и 4 против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во РМ, 2002 година.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор министерот за правда.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Со оглед на тоа што за спроведување на пописот во РМ и за обавување на сите технички подготовки за спроведување на пописот треба одреден рок пред одржување на пописот, а исто така бидејќи се работи и за усогласување на сегашниот Закон за попис на населението со уставните амандмани, како што е во Амандманот V во однос на употребата на

јазиците и како што е Амандманот VI во однос на правичната и

соодветната застапеност, и кај овој закон се во прашање рокови и треба да го донесе овој Собраниски состав, владата му предлага на Собранието и овој закон да го донесе по итна постапка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (по гласањето)

Вкупно гласале 63 пратеници, од кои 55 за, 6 воздржано и 2 против.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за задолжување на РМ со кредит кај Меѓународното здружение за развој (ИДА), по Договорот за кредит за проектот за развој на општините.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор заменикот министер за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Барам овој закон да се префрли за наредна седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи го повлекувате.

Владата на РМ го повлече Предлогот за донесување по итна постапка на закон за изменување на Законот за патните исправи на граѓаните на РМ, со предлог на закон.

Владата на РМ го повлече Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Република Унгарија за преземање на лица кои илегално престојуваат на нивните територии и Протокол за спроведување на Договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Република Унгарија за преземање на лица кои илегално престојуваат на нивните територии, по Предлог на закон.

Комисиајта за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со:

- Предлогот на Одлуки за разрешување **и** именување на претседатели и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври" и Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

- Предлог Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисиите на Собранието на РМ и

- Предлог Одлука за разрешување и именување на заменик директор на Македонската радио телевизија.

Предлозите на овие одлуки ви се поделени.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (по гласањето)

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои 50 за, 12 воздржано и двајца против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлогот на одлуката фза разрешување и именување на член на Управниот одбор на фондот за здравствено осигурување на Македонија. Предлогот на одлуката за именување на претставници во Собирот на работниците на Републичкиот завод за унапредување на домаќинствата - Скопје и Предлогот за разрешување на судија на Основниот суд во Крива Паланка, кои се уврстени во дневниот ред на 104-та седница на Собранието.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (по гласањето)

Вкупно гласале 54 пратеници, од кои 43 за, 9 воздржано и двајца против.

Ве молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

( по пребројувањето од страна на службите)

Во салата се присутни 62 пратеници, па според тоа констатирам дека Предлогот е усвоен.

Ги молам пратениците да влезат во салата, нека се вратат за да можеме да работиме. Работиме на работ на кворумот.

Пратеникот Чедомир Кралевски предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со :

- Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Битола.

- Предлози за избор на судии на Врховниот суд на Македонија;

- Предлози за избор на судии на апелационите судови во Битола, Скопје и Штип;

- Предлози за избор на претседатели на основните судови во Битола, Крушево, Кратово, Охрид и Струга;

- Предлози за избор на судии на основните судови во Битола, Гостивар, Кавадарци, Куманово, Крушево, Охрид, Прилеп, Скопје I - Скопје, Скопје II - Скопје, Струга и Штип;

- Предлог за именување заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип;

- Предлог за именување заменици на јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Кавадарци, Битола, Гевгелија и Прилеп и

- Предлог одлука за огласување и именување заменеци на јавниот обвинител на РМ, кои се уврстени во дневниот ред на 104-та седница и во Предлогот на дневниот ред на 106-та седница на Собранието на РМ.

Предлогот на пратеникот Чедомир Кралевски го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (по гласањето)

Вкупно гласале 54 пратеници, од кои 44 за, 9 воздржано и еден против.

Бидејќи сега имаме 63 пратеници присутни во салата, констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог за донесување на закон за регулирање на побарувањата на штедачите од штедилниците "ТАТ" од Битола, "АЛФА-С"- Скопје и "Лавци"- Охрид, со Предлог на закон.

2. Предлог на закон за дополнување на Законот за внатрешни работ.

3. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта.

4. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција.

5. Предлог на закон за дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

6. Предлог ан закон за избор на пратеници во Собранието на РМ.

7. Предлог на закон за избирачкиот список.

8. Предлог за донесување на закон за изборни единици за избор на пратеници во Собранието на РМ со предлог на закон.

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за кривична постапка.

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за парничната постапка.

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка.

12. Пердлог на закон за дополнување на Законот за управните спорови.

13. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници.

14. Предлог на закон за дополнување на Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во "Службен весник на РМ".

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа.

16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за попис на населението, домаќинствата и становите во РМ, 2002 година.

17. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за фондот за осигурување на депозити, со предлог на закон.

18. Предло за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за градежно земјиште, со Предлог на закон.

19. Предлог за донесување на заион за заштита на посебното природно богатство, со Предлог на закон.

20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за семејство, со Предлог на закон.

21.Предлогна за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон.

22.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права, со Предлог на закон.

23. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот на добивка со Предлог на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

24. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, со Предлог на закон;

25. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија за поттикнување и реципрочна заштита на инвестициите, со Предлог на закон;

26. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за предавање и превземање на лица со незаконски престој, со Предлог на закон:

27. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за признавање квалификации кои се однесуваат на високото образование во европскиот регион, со Предлог на закон;

28. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вино, со Предлог на закон;

29. Предлог за донесување на закон за поништување на актите и правните последици од неоснованите и монтирани политички и идеолошки осуди на лица репресирани, прогонувани, затворани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност во периодот од 1944 до 1991 година, со Предлог на закон;

30. Предлог за донесување на закон за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон;

31. Барање за давање на автентично толкување на член 139 став 4 и член 151 од Законот за високото образование, поднесено од пратеникот Никола Јованов;

32. Барање за давање автентично толкување на членовите 16 и 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, поднесено од АД за градежништво "Пелагонија" - Скопје;

33. Барање за давање автентично толкување на член 109 став 1 точка 2 од Законот за јавните патишта, поднесено од поранешниот градоначалник на општина Врапчиште;

34. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Радовиш;

35. Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Битола;

36. Предлози за избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија;

37. Предлози за избор на судии на апелационите судови во Битола, Скопје и Штип;

38. Предлози за избор на претседатели на основните судови во Битола, Крушево, Кратово, Охрид и Струга;

39. Предлози за избор на судии во основните судови во Битола, Гостивар, Кавадарци, Куманово, Крушево, Охрид, Прилеп, Скопје I - Скопје, Скопје II - Скопје, Струга и Штип;

40. Предлог за именување на заменик на Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип;

41. Предлог за именување заменици на јавни обвинителства на основните јавни обвинителства во Кавадарци, Битола, Гевгелија и Прилеп;

42. Предлог на одлука за огласување и именување заменици на Јавниот обвинител на Република Македонија;

43. Предлог на одлука за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;

44. Предлог на одлука за именување претставници во Собирот на работниците на Републичкиот завод за унапредување на домаќинството Скопје;

45. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Крива Паланка;

46. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври";

47. Предлог на одлука за разрешување и именуваше на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски"

48. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија;

49. Предлог на одлука за разрешување и именување на заменик на директорот на Македонската Радио Телевизија.

Дали има некој предлог за изменување или дополнување на предложениот дневен ред?

Има збор заменик министерот за финансии господинот Петар Дуљанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Господине претседателе, јас се извинувам, бидејќи во дневниот ред кога го прочитавте пред законот, Предлогот за донесување по итна постапка на Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Меѓународното здружение за развој ИДА го немав и затоа молам да биде ставена оваа точка на дневен ред на оваа седница. На Сто седмата седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, ама вие го повлековте.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Направив грешка. Него не го повлекувам, туку барам да биде ставен на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сте погрешиле. Добро. - Ве молам, треба да ја образложите итноста на предлогот зошто го предлагате по итна постапка.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Предлогот го ставаме по итна постапка затоа што Бордот на директори мора да донесе одлука до крајот на месец мај за користење на средства од оваа кредитна линија. Значи дека Македонија може да користи кредитна линија под ИДА услови заклучно со месец Мај. Затоа барам да биде поставена точката на дневен ред на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Предлогот на претставникот на Владата од Министерството за финансии го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. - Вкупно гласале 66 пратеници.

За гласале 52 пратеници, воздржано гласале седум пратеници, против гласале седум пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Ве известувам дека во редоследот што го прочитав на точките, како точка 17 ќе биде овој закон што го предложи сега заменик министерот за финансии, а сите други ќе си го поместат редоследот после него за едно место.

Има збор господинот Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине претседателе, претставници на Владата, колеги пратеници, на 3 април имам доставено барање за толкување на Законот за амнестија. Барав толкување од Законодавно-правната комисија. Таа барањето го проследи до Министерството, меѓутоа до ден денеска немам одговор.

Се работи за тоа дали Законот за амнестија го изгласавме само за граѓаните на Македонија од албанско потекло или тоа важи за сите граѓани на Република Македонија?

Мислам дека некаде за два дена, под голем притисок околу 380 граѓани од албанско потекло се амнестираа, додека во затворите моментално се наоѓаат околу 8-10 македонци кои сеуште лежат во затвор под исти обвинувања. Делата ги имаат извршено во реоните каде беа дејствијата и затоа ве молам оваа точка да ја ставиме на дневен ред. Инаку, јас не верувам дека ќе добијам некаков одговор за ова толкување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за ставање точка со која што се дава автентично толкување на закон е надлежна ЗПК. Значи уште тече постапката до тоа да ЗПК утврди толкување.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Па може да чекаме уште пет месеци ЗПК да добие обраќање од Владта. За два дена се сврши за другите се, а за ова се чека.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ова е веќе една јавна ургенција до ЗПК да забрза со постапката.

Се согласувам со тоа, но не е за дневен ред.

Збор има господин Зибери Насер.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, со Решение број 72034/1 доставено на 17 мај 2002 година сме известени дека сте ја свикале Сто седмата седница на Собранието на Република Македонија. Меѓу другото, под точка број 4 предлагате Предлог за донесување по итна постапка на закон за изменување и дополнување на Законот за патни исправи на државјаните на Република Македонија. Со Дневниот информатор број 3493 со дата 29 мај 2002 година исто така сме известени дека на денешнава седница, под точка број 4 ќе биде Предлогот за донесување по итна постапка на закон за изменување на Законот за патни исправи на државјани на Република Македонија.

Во меѓувреме, исто така денеска, добивме писмо од Владата на Република Македонија дека Предлогот за изменување и дополнување на Законот за патни исправи на државјани на Република Македонија се повлекува.

Мегутоа, во истото известување не сме информирани, односно не не информира предлагачот односно Владата на Република Македонија кои се причините што во последен момент овој предлог на измени на законот се повлекуваат од денешнава седница. Сосема ми се јасни мене деловничките одредби дека предлагачот има право да го повлече Предлогот на законот и тоа во сите фази на неговото донесување. Меѓутоа, предлагањето на овој закн, всушност пакетот на закони за кои што денеска Собранието треба да се изјасни не е процедурално и формално прашање.

Знаете дека за пакетот на закони што произлегуваат како обврска на Рамковниот договор беа одржани неколку состаноци и тоа на лидерско ниво кај претседателот на државата, со посредство на господата Лероа и Холмс и при што, на тој список на закони за кои што треба ние денеска да расправаме не случајно беше уврстен и законот за патните исправи. Тоа значи дека овој закон, после сите фази и владини постапки беше доставен до Собранието и требаше денеска да биде уврстен на дневен ред.

Бидејќи вие, веројатно упатувајќи се на писмото на Владата за повлекување на предлогот сега не го прочитавте и не го уврстивте предлогот на дневен ред. Со оглед на тоа барам објаснување од претставник на Владата зошто се повлекува законот за патни исправи и која е судбината на овој предлог, бидејќи согласно Договорот овој закон спаѓа во пакетот на закони што треба неминовно да се усогласат со новите измени на Уставот на Република Македонија и е обврска од Рамковниот договор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Оваа не е некоја забелешка, туку е барање од претставник на Влада да даде образложение зошто е повлечен предлогот.

Молам, има збор заменик министерот за внатрешни работи, господин Рефет Елмази.

**РЕФЕТ ЕЛМАЗИ:**

Предлог-законот е повлечен поради тоа што уште не е усогласен и значи на сите нам ни е јасно дека имаше некои реакции и потребни се нови усогласувања во врска со овој закон. Тогаш ќе биде на седница на Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Има збор министерот за правда, господин Иџет Мемети.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

И покрај тоа, кога ќе дојде, би требало кога ќе дојде Зако-нот за избор на пратеници, но за да нема забуна кај пратениците денеска по однос на Законот за избор на пратеници, од страна на Владата е добиен Предлог-амандман по однос на членот 71. Ги известувам пратениците, во име на Владата дека тој амандман се повлекува и дека не е составен дел на Законот. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа, кога ќе дојде време, кога ќе расправаме за Законот. Сега нема врска со дневниот ред.

(Барање од поедини пратеници да добијат збор).

Дали господинот Зибери има нов предлог или за ова сака да земе збор?

Има збор господин Зибери".

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Бидејќи претставникот на Владата, заменик министерот не објасни на која седница ќе биде уврстен, молам да бидеме попрецизни. Дали ќе се надополни на оваа седница предлогот, дали на првата наредна или се најавува дека ќе биде на една од седниците на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега, кога ќе го утврдиме дневниот ред тој закон нема да биде на дневен ред, бидејќи е повлечен и не може да се надополни на оваа седница. Тоа ви е јасно господине Зибери.

Сега да видиме за другиот дел.

Има збор господинот заменик министер за внатрешни работи.

**РЕФЕТ ЕЛМАЗИ:**

Откако ќе се постигне целосна согласност во врска со овој предлог на закон, веројатно на наредната седница ќе биде. Откако ќе биде усогласено. Додека не се усогласи нема шанси да биде ставен на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам. - Има збор гоеподин Ковачевски.

(Поедини пратеници бараа збор).

Не е тоа за расправа. Тоа беше само господин Зибери. Седнете си вие мирно таму. Не, вие немате право на тоа.

(Пратеникот инсистира да добие збор).

Проблемот го покрена господинот Зибери и само треба да каже дали тој е задоволен од одговорот и ништо повеќе. Ние не гласаме, не расправаме за тоа. Седете сега вие.

Има збор господин Зибери. - Повелете.

Дали сте задоволен од одговорот или не.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Не, нормално не сум задоволен, бидејќи на оваа седница, со ваше Решение за свикување на седницата точката беше уврстена во дневниот ред. Беше дел од пакетот на закони за кои што се преговараше кај претседателот. Беше предложен од Владата доставен до пратениците како предлог. Сега се повлекува и се најавува дека ќе биде на една од седниците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Точно. Тоа е. За тоа нема расправа. Разбирате. Нема расправа. Вие можете да барате пауза, можете да барате консултации, по тоа прашање нема расправа сега.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Нема расправа господине претседателе, но јас го изразувам незадоволството од пратеничката група зошто тој предлог не е уврстен во пакетот на закон за кои што се договоривме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа да.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Надвор од договорот е. Тоа е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога јас го добив пакетот, тој беше во пакетот, го уврстив во Решението. Кога добив писмо дека се повлекува, го исфрлив од овде и ве известив дека не може да биде на дневен ред.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Не е незадоволството према вас, да се разбереме. Јас го упатувам незадоволството кон предлагачот кој не се придржува до договорот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме понатаму. - Има збор господинот Ковачевски Стојан.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувано Собрание, почитувани претставници на Влада. Разбирливо е што на оваа седница, бидејќи има многу законски проекти по итна постапка, да нема пратенички прашања. Меѓутоа, не е разбирливо зошто скоро после три месеци од последната седница кога имавме пратенички прашања, сеуште најголем број на прашања на пратеници нема одговор?

Барам претставник на Владата да се изјасни зошто ние, еве веќе сме при крај на својот мандат, немаме одговор на многу многу поставени пратенички прашања?

**СТОЈАН АНДОВ:**

И ова исто така треба да се сфати како незадоволство, што се доцни со писмените одговори на прашањата што се овде поставени по писмен пат. Затоа ве молам, пренесете до Владата, Владата да побрза и да одговори, што е нејзина обврска на сите прашања што се поставени.

Има збор господин Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата на Република Македонија.

На Сто четвртата седница на Собранието на Република Македонија побарав дополнување на дневниот ред со Информација на Владата за постоење и дејствување на вооружени терористички групи на територијата на Република Македонија по усвојување на Законот за амнестија.

Во меѓувреме се случија две седници, што беа закажани. Објективното случување на тие седници не дозволуваше да има дополнување. Меѓутоа, одговорот на Владата што го добивме во меѓувреме и оние случувања што се случија на теренот, два напади на пунктовите на безбедносните сили, од кои на едниот присуствуваа и мегународни претставници и беа директни сведоци на тие случувања, зборуваат дека јас како предлагач за покренување на една ваква информација, а и одговорот на Владата ни дава обврска да барам да се стави на дневен ред една ваква информација.

Посебна причина што токму на оваа седница, бидејќи ветивме пред јавноста и пред пратениците овде во Парламентот на Република Македонија, и ние и претставникот на Владата на таа седница министерот за внатрешни работи господинот Љубе Бошковски дека на првата

наредна седница ќе дискутираме по ова прашање, имајќи предвид дека во Информацијата се зборува за сериозни состојби како што се постоење на вооружени формации во Република Македонија кои набавуваат софистицирани и масовно го набавуваат тоа оружје, се подготвуваат да дејствуваат во Република Македонија и се организираат и дека за таквото нешто има логистичка поддршка од други центри, сметам дека ваквата Информација Собранието на Република Македонија, едноставно, мора што побрзо да ја разгледа, да дискутира за неа, бидејќи одговорноста за евентуалните нови случувања од таков тип би била голема, голема одговорност за сите пратеници во Републичкото Собрание.

Бидејќи објективно и во меѓувреме од изготвување на Информацијата што Владата ја разгледувала на седницата на 23.04.2002 година е одминато над еден месец, од разгледувањето а не од покренувањето на постапката, се случуваат и натаму состојби што можат да ја дестабилизираат Република Македонија, иако во делот на Информацијата постои дел на мерки кои кажуваат како Владата размислува да ги разрешува овие состојби, меѓутоа не ни даваат потполно уверување **и** овие информации поради случувањата на теренот, а од трета страна ние денес, цело време зборуваме за исполнување на обврските од Охридскиот договор, законските проекти што се обврска од Охридскиот договор.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:** (Продолжение)

Ние мораме да зборуваме и за ова што ни се случува на теренот, бидејќи една од обврските од Охридскиот договор е да нема повеќе вооружени дејствија во Република Македонија, да нема напади врз безбедносните сили и безбедносните сили да ги враќаат постепено според Законот и редот во своите делови на Република Македонија, што од оваа информација се гледа дека не е така.

Бидејќи се работи за Информација на Владата на Република Македонија која зборува за ваквата ситуација во Република Македонија, а која е сериозна за сите нас и за Парламентот на Република Македонија апелирам до сите пратеници да бидат на ниво на својата задача и да изгласаат едно вакво дополнување на предложениот дневен ред за денешната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, претставник на Владата.

Тоа е мислењето на Владата за предлогот на господинт Стојменов, Информацијата што сте ја изготвиле и што сте му ја доставиле за беsбедносната ситуација да ја уврстиме на дневен ред.

Таа е доставено до него. Кое е вашето мислење?

**РЕФАТ ЕЛМАЗИ:**

Јас незнам тоа, што беше предлогот од министерот, но предлогот на пратеникот на дневен ред да се уврсти тоа сум да се прифати тоа. Таа информација беше за информирање на пратеникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, вас ви беше изработена информацијата да го информирате пратеникот. Значи, вие не сте за да биде на дневен ред.

Ве молам предлогот на господинот Стојменов го ставам на гласање.

(Реакција на господинот Стојменов од место.)

Предлогот на Стојменов го ставам на гласање. Нема расправа претставникот си кажа мислење на Владата. Нема расправа по такви работи. Нема ниеден збор за тоа.

Кој е за предлогот на Стојменов, молам да гласаме.

(Реакција на господинот Стојменов од место.)

Нема тука процедурално. Нема тука процедура.

Седете си вие таму. (Реакција на пратеникот Стојменов.)

Седете вие и слушајте господине Стојменов. Не можат тројца четворица да претседаваат и да водат седница. Еден може, не повеќе.

(Реакција на господинот Стојменов)

За злоупотребите одлучува Собранието а не вие. Вие може да имате само еден глас.

Молам, предлогот на господинот Стојменов - Информацијата што ја доби од Владата за безбедносната состојба да се стави на дневен ред на денешната седница го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. - Вкупно гласале 67 пратеници.

31 пратеник гласал за. Воздржано гласале 8 пратеници и Против гласале 28 пратеници. - Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Собранието не го усвои предлогот на господинот Стојменов.

За збор се јави господинот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република. Македонија и почитувани колеги пратеници.

Сакам јавно да реагирам до Владата на Република Македонија и ефикасноста на овој највисок законодавен дом - Собранието на Република Македонија. Пред повеќе месеци поставив повеќе пратенички прашања на кои до ден денеска како пратеник имав можност само едно да поставам, а добив само делимичен одговор за едно до две поставени прашања.

За оние поставени прашања кои се од животен, егзистенционален карактер за животот на граѓаните во Радовиш и општина Радовиш како и поголем дел во Република Македонија јас до ден денес не добив одговор.

Ја молам Владата на Република Македонија, претставниците да ни ги кажат причините зошто до ден денеска ресорните министерства, стручните служби не најдоа време да дадат писмен одговор на поставените пратенички прашања.

Исто така, го имам стенограмот пред мене, на една од изминатите седници пред четири-пет седници на Собранието на Република Македонија барав да се расправа за актуелната безбеносна состојба на Република Македонија. Во стенограмот пишува - може тоа прашање да се расправа на една, дури и првата наредна седница на Собранието на Република Македонија, изјава дадена од министерот за финансии, господинот Груевски.

Ние, до ден денес таква информација ниту имаме добиено, ниту имаме поставено на дневен ред, а веќе имаме поминато четири-пет седници. Прашувам дали Владата на Република Македонија смета дека тоа прашање не треба да се расправа на Собранието на Република Македонија или мисли на една од наредните како прва седница.

Јас барам одговор, а како пратеник го поставувам уште еднаш прашањето дневниот ред да се дополни за овој четиригодишен мандат на овој законодавен дом барем еднаш да расправаме за актуелната економска состојба во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Чифлиганец предлага да се уврсти во дневниот ред Информација за актуелната економска состојба.

Ве молам, имаме ли претставник на Владата која може по тоа да се произнесе? (Нема).

Го ставам на гласање предлогот на господинот Чифлиганец, бидејќи неможеме да добиеме став на Владата.

Ве молам да гласаме. - Вкупно гласале 65 пратеници.

За гласале 28 пратеници. Воздржано гласале 9 пратеници и против гласале 28 пратеници.

Констатирам дека предлогот на господинот Чифлиганец не е усвоен.

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги, јас испратив од името на Комисијата за избори и именувања едно писмо до Вас за да се стават како приоритетни точки пред другите точки од дневниот ред некои веќе утврдени точки на дневен ред од поранешни седници што се однесуваат на разрешување на одредени судии ми се чини тројца, Крива Паланка, Апелационен суд во Битола и во Радовиш.

Овде по грешка, техничка, сум потпишал едно писмо каде што се предлага да се стават како приоритетни точки и избор на судии.

Значи, мојата интервенција се состои во тоа да не се земат во предвид изборот на судиите на денешната седница, туку само точките за разрешување. Сметам дека нема да ни одземат многу време. Имаме постигнато согласност со координаторот на Пратеничката група на СДСМ за оваа работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е прецизно. Овде има некој избор на судии во Апелационио суд, избор на судии во Врховниот суд на Република Македонија.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Токму тоа сакам да кажам. Изборот не. Само разрешувањето и изборот на одборите за доделување на наградите "Климент Охридски" и "Гоце Делчев".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмото не ви е прецизно.

Има предлог за разрешување на судија на Апелационот суд во Битола;

предлози за избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија...

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го повлекувате, добро. - Предлог за избор на судии на Апелациони судови во Битола, Скопје и Штип.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Го повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

"Ѓочка 39 - Предлог за избор на претседатели на Основните судови во Битола, Крушево, Кратово....

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Се повлекувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлози за именување на заменици на Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Сето тоа е во еден контекст за избор. Би го повлекол и тоа. Само за разрешување и за избор на одборите за доделување награди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ги повлекувате и прелдогот за именување на заменици на јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Кавадарци, Битола, Гевгелија и Прилеп и предлог на одлука за огласување на именување заменици на јавен обвинител во Република Македонија.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Тоа се повлекува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи тие се повлекуваат.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Останува за разрешување и избор на одборите за доделување награди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, значи така во стенограмот ќе биде.

Господинот Ванчо Чифлиганец пак се јавува за збор.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Господине претседателе, добив одговор за второто прашање, за актуелната економска состојба, како што беше изгласано. Не добив одговор од Владата на Република Македонија за моите поставени пратенички прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да. Сега немаме претставници на Владата на Република Макеоднија. Не минуваме на пратенички прашања, па да ви одговараат. Мислам дека се разбравме за тоа.

Господине Чифлиганец вашето барање е исто како на господинот Ковачевски, тоа е барање и незадоволство што немате одговори и ги упатувме на Владата да ви одговори.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Ве молам, само една реченица.

Ако може една писмена ваша интервенција до ресорните министерства да одговорат писмено на нашите поставени пратенички прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се согласувам. Не до ресорните министери туку до Владата.

За збор се јави пратеникот Љатиф Пајкоски.

**ЉАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, во изминатиот период јас на четири пати кога расправавме по пратенички прашања поставував прашање до Владата околу решавање на проблемот со снабдување со вода за пиење на едно од најголемите Рекански села, селото Скудриње.

На една од последните седници јас побарав од Владата писмена Информација за активностите што се преземени во правец на решавање на ова прашање. Тогаш од претставникот на Владата ми беше ветено дека таква информација ќе биде подготвена и ќе биде ставена на седница на Собрание.

Со оглед на тоа што од таа седница поминаа околу три нови седници, а и на оваа седница не ја гледам таа информација како точка на дневен ред јас предлагам на оваа седница да се стави таква точка со оглед на тоа што на седницата има повеке точки на дневен ред и мислам дека оваа седница ќе трае повеќе денови, така што Владата ќе има време да ја подготви таа информација.

Ова го предлагам и од еден друг аспект. Се приближуваме на летните месеци кога во овој регион има поголема суша и опасноста од појава на заразни болести во ова Реканско населено место, во кое што живеата околу три илјади жители е голема. За да се спречи сето тоа затоа што сметам дека прашањето е исклучиво политичко и од политички причини до ден денешен, пет, шест години не е решено, предлагам ова Собрание да го прифати предлогот да се стави точка на дневен ред,

па нека биде и последна точка, па додека дојде таа точка на дневен ред, Владата да ја подготви таа информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, пак немаме овде присутен надлежен претставник од Владата. Тоа значи дека неможеме да го видиме ставот на Владата.

Предлогот на господинот Љатиф Пајкоски го ставам на гласање.

Молам да гласаме. Вкупно гласале 59 пратеници.

За гласале 33 пратеници, воздржано гласале 11 и против гласале 15 пратеници.

Ве молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата да можеме да работиме.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

65 пратеници се присутни.

Ве молам предлогот на господинот Латиф Пајкоски информацијата што ја доби за проблемите и совладувањето на проблемите за водоснабдувањето на селото Скудриње, таа информација што ја доби од Владата предлага да ја уврстиме на дневен ред на денешната седница.

Предлогот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратнеици. За гласале 34 пратеници. Воздржано гласале 11 пратеници и Против гласале 20 пратнеици.

Констатирам дека предлогот на господинот Латиф Пајкоски, не е усвоен.

За збор се јави господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас предлагам дневниот ред на оваа седница, макар како последна точка од дневниот ред да се дополни со кратка информација што се случи со исплатата на 15 денари премија на тутунопроизводителите по килограм од откупната реколта од минатата година. Дали е исплатена на тутунопроизводителите, во кој обем е исплатена, или ако не е со која динамика ќе се исплати и дали воопшто постои можност да се исплати до нареднава откупна сезона.

Прашањето го поставувам затоа што во меѓувреме гледајќи ја оваа седница се јавија два-тројца производители на телефон и тоа од мојата изборна единица кои инсистираа да се постави тоа прашање. Јас навистина мислев дека тоа прашање тече и се реализира. Се консултирав со некои пратеници овде и велат дака има проблеми и не се реализира. Оттаму една кратка инфорамција во писмена форма која може да се подели и на пратениците и за која мислам дека нема потреба да се дебатира, чисто за информирање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само за информирање, а не за расправа.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Само за информирање. Барам Парламентот да гласа за предлогот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали има некој од Владата што може по ова прашање да се прознесе? Имаме ли претставник од Министеството за земјоделство, шумарство? (Нема)

Предлогот на господинот Наќе Стојановски го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

Гласале 65 пратеници, за гласале 26 пратеници, воздржано гласале 13 пратеници, против гласале 26 пратеници.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Значи, ова можеме да го бараме како информација и да ви се испрати, да не мора да биде на дневен ред.

Господинот Стојановски.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако веќе не наидовме на разбирање во Собранието кај пратеницитч а навистина барањето беше најдобронамерно да се информираат луѓето што се случува, затоа што гласно и јасно во многу наврати тоа е манифестирано дека им се ветува на луѓето и не само што им се ветува, туку се промовира како инструмент, кој во откупната политика на тутунот од минатата сезона. Луѓето го поставуваат тоа прашање и сега ако не наидовме на разбирање да се достави на точка на дневен ред овде од пратениците, тогаш нека се достави писмена информација која ќе се обнароди во гласилата и луѓето да знаат што се случува со тие пари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Никола Поповски бара збор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, јас за оваа седница Ви доставив писмено барање уште пред дваесетина дена да се дополни дневниот ред на седницата со информација во врска со текот на приватизацијата на акционерското друштво"Лозар"Битола.

Вие ми одговоривте со ваше писмо дека нема овластен предлагач на тој материјал. Претпоставувам дека е настаната некаква забуна, овластен предлагач е и пратеник на Собранието на Република Македонија. Со оглед дека материјалот е доставен до сите пратенички групи во Собранието на Република Македонија и до вас лично, нас не  ни е проследен од ваша страна, меѓутоа, тој е доставен во Собранието и јас се јавувам како овластен предлагач во овој случај. Ве молам, дневниот ред со тие материјали да се дополни. Јас обично, ниту нашата пратеничка група никогаш не бара поединечни случаи на приватизација да се гледаат на седница на дневен ред, но цениме дека ова ги надминува границите на случаи, што ќе остане само во делот на судска разрешница затоа што на начинот на кој што се одбива инволвирањето на органите на државната власт, полицијата, државната извршна власт, може да предизвика пошироки проблеми. Со цел тие да се спречат предлагам Собранието да расправа за начинот на кој се води постапката на приватизација од агенција која со наш закон од Собранието основана Агенција, Агенцијата за приватизација и предлагам оваа точка да ја уврстиме на дневен ред во делот на информациите кои ги разгледува Собранието, со цел и Собранието да даде свој придонес за надминување на случаи, кој очигледно ги надминува само приватизационите проблеми и навлегува во сверата на инволвираноста на поголем број на државни органи од државната власт.

Од тие причини предлагам информацијата за текот на приватизацијата на "Лозар" да се уврсти на оваа седница на дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На ова ваше барање, ви одговорив така како што ми подготвија службите дека, всушност, не постои информација која треба да ја ставиме на дневен ред, туку постои еден збир на одлуки на разни државни судски органи и органи на фирмите. Поради тоа што недостасува форма, која е барана овде и која е условена, очекував ако предлагате, барем да подготвите и некоја информација, макар лично, за да можеме *со* неа да се послужиме овде. Истовремено, откако ве известив дека во таа форма не можам да ја уврстам во дневниот ред, ја испратив целата документација и целиот предмет до Владата, очекувајќи Владата да подготви во форма во која може да влезе овде во дневниот ред. Но, бидејќи јас го применувам Деловникот и така постапив. Но, вашиот предлог сега ќе го дадам на гласање, па ако Собранието одлучи и таму ви кажав зошто е вториот проблем, заради тоа што таму сеуште тече судски спор. Стручните служби ми укажаа дека Собранието не смееме да го вплеткуваме во тековни судски спорови. Бидејќи, тоа би значело веќе притисок на Собранието врз судските органи врз третата власт.Тие работи ви ги одговорив во писмото. Во тој случај, Предлогот на г-дин Никола Поповски...

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Уште една реченица ако може. Да, јас имам разбирање за ова што го кажавте, меѓутоа, инсистирам јас како овластен предлагач на тие документи се јавувам во овој случај и барам Собранието да расправа за оваа точка. Само да потсетам дека ако судската постапка сеуште тече тоа важи за сите органи во РМ, вклучувајќи го на пример и Министерството за внатрешни работи. Меѓутоа, овие ресори почнаа да се вплеткуваат во случајот, во истите односи за кои сега, вие зборувате, дека тече судска постапка. Затоа, сметам дека Собранието треба да расправа за да го спречи инволвирањето на извршната власт на начин кој судот не ја одобрува. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи предлагате Предлогот да го ставиме на дневен ред.

Предлогот на г-дин Никола Поповски го ставам на гласање.

Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеници, за гласале 31 пратеник, воздржано гласале 8 пратнеици, против гласале 33 пратеници.

Констатирам дека Предлогот на г-динот Поповски не е усвоен.

Бидејќи, нема други предлози, предложениот дневен ред  го ставам на гласање.  -  Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласале 62 пратеника, воздржано гласал 1 пратеник, против гласале 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот дневен ред.

Комисијата за надворешна политика предлага, Предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија за поттикнување реципрочна заштита на инвестициите, со Предлог на закон, Предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за предавање и преземање на лица со незаконски престој, со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за ратификација на конвенцијата за признавање на квалфикации, кои се однесуваат на високото образование од Европскиот регион, со Предлог на закон, да бидат разгледани пред останатите точки на дневниот ред.

Предлогот на Комисијата Ви е поделен.

Предлогот на Комисијата за најдворешна политика го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 59 пратеници, за гласале 38 пратеници, воздржано гласале 16 пратеници, против гласале 5 пратеници.

Немаме доволно пратеници. Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата и да извршиме гласаше. Ве молам, дали има доволно пратеници, и да го утврдиме точниот број на пратеници во салата.

Всушност, во салата влегоа двајца пратеници и сега има 64 пратеници. Биле 62 пратеници.

Според тоа, гласањето важи. - Констатирам дека Предлогот не е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага предлозите на одлуките за разрешување и именување на претседатели и членови на одборот за доделување на наградата 11 октомври и Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски", Предлогот на одлуките за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на РМ и Предлогот на одлуката за разрешување и именување на заменик директор на Македонската Радио-телевизија да се разгледаат пред другите точки од дневниот ред.

Предлогот на комисијата го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 48 пратеници, Воздржано гласале 3 пратеници, против гласале 13 пратеници.

Констатирам дека Предлогот на комисијата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага Предлогот на одлуката за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигирување на Македонија, Предлогот на одлуката за именување на претставници во Собирот на работниците на Републичкиот завод за унапредување на домаќинството - Скопје и предлогот за разрешување на судија во основниот суд во Крива Паланка, да се разгледаат пред другите точки од дневиот ред.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, за гласале 48 пратнеици, воздржано гласале 6 пратеници, против гласале 12 пратнеици.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратеникот Чедомир Краљевски, предлага Предлогот за разрешување на судија на Апелациониот суд во Битола да се разгледа пред другите точки од дневниот ред.

Значи, пратеникот Чедомир Краљевски, предлага предлогот за разрешување на судија на Апелациониот суд во Битола и Предлогот за разрешување на судија во Основниот суд во Радовиш, да се разгледаат пред другите точки од дневниот ред.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. Вкупно гласале 64 пратеници.

За гласале 44 пратеници, воздржано гласале 14 пратеници, против гласале 6 пратеници.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Минуваме на дневниот ред.

Минуваме на точка 35. - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Радовиш.

Предлогот за разрешување и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. - Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Добривое Казанџиев да биде разрешен од функцијата судија во Основниот суд во Радовиш, го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 61 пратеник, воздржано гласал 1 пратеник, против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека Добривое Казанџиев е разрешен од функцијата на судија на Основниот суд во Радовиш, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Минуваме на точка 36. - Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Битола.

Бидејќи е заклучен претресот, Предлогот за разрешување на Васил Гагачев од функција судија на Апелациониот суд во Битола, го ставам на гласање.

Ве молам да глаасме.

Вкупно гласале 70 пратеници, за гласале 67 пратеници, воздржано гласале 3 пратнеици, против не гласал никој.

Констатирам дека Васил Гагачев е разрешен од функција судија на Апелациониот суд во Битола, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Минуваме на точка 44.- Предлог на одлука за разрешување и именување

на член на Управниот одбор на фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. - Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање. - Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, за гласаа 50 пратеници, воздржано гласале 6 пратеници, и против гласале 11 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување на член на Упранвиот одбор на Фондот за здравствено осигирување на Македонија.

Минуваме на точка 45.- Предлог на одлука за именување претставници на собирот на работниците во Републичкиот завод за унапредување на домаќинството - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес. - Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање. - Молам, да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласале 57 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници, против гласале 4 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за именување претставници во Собирот на работниците во Републичкиот завод за унапредување на домаќинството - Скопје.

Минуваме на точка 46. - Предлог за разрешување судија на Основнисг суд во Крива Паланка.

Предлогот за разрешување и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. - Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на Ѓоко Алексовски од функцијата судија на Основниот суд во Крива Паланка го ставам на гласање. - Ве молам, да гласаме.

Вкупно гласале 52 пратеници, за гласале 47 пратеници, воздржано гласале 2, против гласале 3 пратеници.

Ве молам, да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

58 пратеници се присутни во салата.

Ова гласање не важи. - Молам, пратениците нека влезат во салата.

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

Предлогот за разрешување на Ѓоко Алексовски, судија на Основниот суд во Крива Паланка го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници, за гласале 57 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници, против гласале 3 пратеници.

Констатирам дека Ѓоко Алексовски е разрешан од функцијата судија на Основниот суд во Крива Паланка, поради исполнување на условита за старосна пензија.

Минувама на точката 47 - Прадлог на одлука за разрешување и именување на претседатал и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Окомври".

Предлогот на одлуката ви е поделан.

Отворам претрес. - Молам кој бара збор?

Има збор г. пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претсадателе, почитувани пратеници, дозволете да ве известам за сладното: во одлуката за разрешувања и именување на претседател и членови на Одборот за доделувања на наградата "11 Октомври" се доставани предлози за избор на претседател и членови на соодватниот одбор. Еден од предложените членови на Одборот сум јас.

Кога Комисијата за избор и именувања, или членовите на таа Комисија, ме консултираа, јас прифатив да бидам член на Одборот и сега ва известувам дака од следниве причини се повлакувам од членството во овој Одбор и ва молам при гласањето да са има предвид дека јас веќе не сум кандидат за член од следниве причини: за претседател на Одборот е предложен човек, кој само пред неколку месеци на Македонската јавност, преку презентација на уметнички дела и понуди варијанта во која некои многу спорни личности во македонската историја, ги прогласи за македонски апостоли. Минимум еден од нив, во време на најтрагичните настани на 20-тиот век, а тоа е фашизмот во Европа, беше активен соработник на фашистичката оска во Европа и на тлото на Македонија и околу Македонија делуваше во координација со фашистичките сили, наспроти волјата на македонскиот народ за слобода од фашизмот.

Овој човек сега е предложен да биде претседател на Одборот за доделување на наградата и јас како личност и како пратеник, не можам да дозволам да присуствувам на одбор и со мене да претседава човек со вакво однесување кон историјата на Македонскиот народ.

Од тие причини, не сакајќи да се доведам во позиција да бидам член на совет кој го води таков претседавач. Се работи за г. Родољуб Анастасов. Се повлекувам од кандидатурата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по Одлуката.

Предлогот на Одлуката, со еден член помалку, се разбира, го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, за гласале 41 пратеник, воздржано гласале 2 пратеници, против гласале 19 пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври".

Минуваме на точката 48 - Предлог за разрешување и именување на членови на Одборот за наградата "Климент Охридски".

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. - Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Гласале вкупно 56 пратеници, за гласале 52 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници, против не гласал никој.

Ве молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 64 пратеници. - Според тоа, гласањето важи.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски".

Минуваме на точката 49 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. - Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на Одлуката го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеници, за гласале 48 пратеници,

воздржано гласале 10 пратеници, против гласале 2 пратеника. Очигледно некој не гласал.

Меѓутоа, сега веќе знаеме дека има доволен број пратеници.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точката 50 - Предлог на Одлука за разрешување и именување на заменик директор на Македонската Радио Телевизија.

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Отворам претрес. - Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и предлогот на Одлуката го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 56 пратеници, за гласале 45 пратеници, воздржано гласале 11 пратеници, против не гласал никој.

Сега имаме 64 пратеници во салата.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување на заменик директор на МРТ.

Минуваме на точката 1 - Предлог за донесување на закон за регулирање на побарувањата на штедачите на Штедилниците "ТАТ" Битола, "АЛФА С" Скопје и "Лавци" Охрид, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во периодот од осамостојувањето на РМ, односно од 1992 година до 1997 година одделни финансиски институции, поради незаконско работење беа причина за ограбување и измама на многу граѓани, што имаше за последици губење на довербата во институциите на државата, посебно во финансискиот систем.

Поради тоа, врз основа на начелото на владеењето на правото, како основна темелна вредност на уставниот поредок на РМ, државата пристапи кон донесување на овој закон, со кој превзема обврска за регулирање на побарувањата на граѓаните штедачи.

Со овој Предлог на закон за регулирање на побарувањата на штедачите од Штедилниците "ТАТ" - Битола, "Алфа С" - Скопје, "Лавци" - Охрид, се уредува исплатата и издавањето на конвертабилни сертификати на побарувања на доверители физички лица, односно штедачи по основ на штеден влог, главнина и камата, утврдени со судски решенија во стечајна постапка и со правосилни пресуди.

Предмет на исплата и издавање на конвертабилни сертификати се и побарувања на доверители физички лица, односно штедачи по основ на штедни влогови пријавени до 30.04.2002 година, а за кои се води постапка пред суд и за кои ќе се донесе прависилно решение, или пресуда.

Предлогот на законот за регулирање на побарувањата на штедачите од наведените штедилници, предвидува две можности, исплата во готово, еднократно и издавање на конвертабилни сертификати.

Исплатата во готово, еднократно ќе се врши на секој поединечен доверител, чие вкупно побарување е главница, односно главен долг и камата, не го надминува износот од 1.000 евра, во денарска против вредност, пресметана според средниот курс, односно спрема курсната листа на Народната банка на РМ. Додека за сите побарувања, на секој поединечен доверител, чиј износ надминува денарска противвредност над 1.000 евра, пресметана според средниот курс, односно спрема курсната листа на Народна банка на РМ, на денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се издаваат конвертабилни сертификати.

Со Законот, чие донесување се предлага утврдена е и можноста доверителите, односно штедачите врз основа на своја писмена изјава, заверена кај нотар да се откаже од побарувањето што ја надминува денарската противвредност над 1.000 евра, заради исплата во готово.

Предлогот на законот за регулирање на побарувањата на штедачите од Штедилницата "ТАТ" -

Битола, "Алфа С" - Скопје и "Лавци" - Охрид, предвидува и неограничена преносливост на издадените конвертабилни сертификати, како и можност со истите да се тргува на организираниот пазар на хартии од вредност и да се купуваат, односно отплатуваат акции и удели и друг имот, со кој располага Агенцијата за приватизација на РМ, и други акции во сопственост на државата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон, за регулирање на побарувањата на штедачите од Штедилниците "ТАТ" - Битола, "Алфа С" - Скопје и "Лавци" - Охрид. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, за гласале 55 пратеници, воздржано гласале 2 пратеници, против не гласал никој.

Ве молам да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 56 пратеници.

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Сега имаме 57 пратеници.

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Молам, да утврдиме точен број на пратеници во салата, за да не направиме некоја грешка.

Имаме 62 пратеници во салата.

Ви го предлагам следниов заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за регулирање на побарувањата на штедачите од Штедилницита "ТАТ" од Битола "АЛФА-С-Скопје и "ЛАФЦИ"-Охрид.

Молам да гласаме. - Ве молам некој гласал повеќе овде.

Ги молам службите да ги соберат картичките за да имаме точно гласање.

Ќе гласаме повторно. - Молам, да гласаме.

Гласале вкупно 57 пратеници. За гласале 54 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници и никој не гласал против.

Бидејки имаме повеќе од 61 пратеник, сега имаме присутни 63 пратеници во салата, констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. - Молам, да гласаме.

Гласале вкупно 54 пратеници. За гласале 52 пратеници, воздржано гласале 2 пратеници и никој не гласал против.

Бидејки сега во салата имаме 64 пратеници, констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот. - Молам, кој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Љупчо Анушев поднесе амандмани на насловот на Предлогот на законот и на член 1, по кои Владата не се произнела.

Владата на РМ поднесе амандман на член 8, за додавање два нови става 2 и 3 и тој е составен дел на текстот на Предлгоот на законот.

Пратеникот Делче Ицков поднесе амандман на член 8, за додавање нов став 2 по кој Владата не С9 произнела.

Пратениците Димитар Бузлевски и Александар Гештаквоски поднесоа амандман на насловот и на член 1 по кои Владата не се произнела.

Пратениакот Александар Талевски поднесе амандман на насловот на Предлогот на законот и на член 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на наслвоот на Предлогот на законот поднесен од пратеникот Љупчо Анушев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор, Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе пред малку при утврдување на резултатите од гласањето излезе на екранот дека 56 пратеници гласале за предлогот дали да се продолжи со постапката на Предлогот на законот. Вие рековте дека во салата има 68 пратеници и дека галсањето е во ред, некој не гласал. Мислам дека од неколку причини таа работа не е во ред. Може да се помисли, со оглед на тоа што е голема разликата помеѓу 56 и 68 присутни пратеници, како што рековте, добро еве ме поправате не 68, 64 пратеници, и тоа е голема бројка, дека одредена група на пратеници, еве, не гласале никако за овој закон.

Втората работа е дека може основано да се фрли сомнеж тоа да биде и на опозициони пратеници.

Трето, што е најважно во целата работа, во оваа сала, во тој момент јас избројав дека немаше ни приближно до 60 пратеници, туку некаде околу 57 или максимум 58 пратеници.

Заклучок од сето тоа, немојте да дозволиме да си играме повторно, по незнам кој икс пати со тие граѓани во РМ, туку да се утврди точниот број за секое гласање овде, да се има кворум при гласањето, за во легална процедура да се донесе, или да не се донесе закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За точниот број, знаете ние непосредно пред гласањето го утврдивме, а секретарот е тука за да внимава дали некој излегол или не, да ми соопшти ако има промени. Значи точниот број беше толку колку што го кажав, а дали некој гласал или не гласал, ние никого не можеме да натераме да гласа. Важно е во салата имаше доволен број на пратеници.

Збор има г-динот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, Јас не се сомневам, мислам дека е крајно време, оваа агонија што со години траеше и она што ни се случуваше во изминатиов период, сведоци сме дека и овој амандман што е предложен од г-динот Анушев за дополнување во насловот каде сврзникот "и" *се* брише и по зборовите "ЛАФЦИ'-Охрид се додаваат зборовите "и Македонија реклам"-Скопје. Мислам дека и" Македонија Реклам "се вклопува во штедилницата "ТАТ".

Знаеме со онаа афера што се случи и што ја имавме толку години, знаеме што во тој период се случи. Имавме стотици мртви кои сакајќи да испаднат чесни према себе и спрема државата си го одземаа животот затоа што по некоја грешка, на една грешно водена политика, во изминатиот период на минатата Влада, не знаеја како да одговорат затоа што влегоа во дубиозни и она што го штеделе со многу години, она што сакале да го обезбедат за своите деца, во перспектива, преку ноќ на измама, со една перфидна измама, таканаречениот октопод на г-динот Бранко Црвенковски, знаеме што се случи и сведоци сме дека оваа Влада направи едне исчекор повеќе затоа што се манипулираше многу со овој Предлог закон дека никогаш нема да се вратат парите на оштетените штедачи од "ТАТ" и овие други куќи, агенции, фирми кои на едне перфиден начин се злоупотребени како од минатата власт, така и од Народната банка на РМ.

Го подржувам амандманот и во согласност со она што е предложено, во измена на насловот на Предлог на законот, да стои и Македонија Реклам и сите други штедилници во РМ.

Го подржувам амандманот на г-динот Анушев.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор заменик министерот за финансии.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Би сакал накратко едно образложение да дадам во врска со овие два амандмани.

Со предлогот на законот Владата на РМ ги регулира побарувањата на штедачите, само на штедилниците "ТАТ, "АЛФА-S" и "ЛАВЦИ", бидејќи само овие три правни лица биле под специјална регулатива, биле супервизирани односно согласно Законот за банки и штедилници, додека "Македонија Реклам" и "ЛАБРОС-Ресен не биле штедилници, туку биле претпријатија и затоа државата не гарантира ниту пак сноси било каква обврска од пропаѓањето на претпријатието односно трговските друштва.

Исто така Владата не е во можност да обезбеди финансиски

средства за да може да ги обештети сите останати измамени граѓани кои по разни основи ги донирале своите пари во неовластени институции.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Имавме можност да го слушнеме заменикот министер. Јас не ја прифаќам неговата дискусија од следната причина, што граѓаните штедеја во штедилници, а дали тие беа претпријатија или не беа претпријатија, има инспекции кои требаше претходно да преземат соодветни мерки.

Амандманот на г-динот Анушев јас го прифаќам и барам од сите пратеници исто така да дадат поддршка. Ист амандман имам и јас, верувам и други пратеници имаат вакви амандмани. Конкретно, "Македонија Реклам" треба да најде свое место и простор и граѓаните кои штеделе во оваа штедилница да бидат обештетени. Оваа Влада да не врши селекција, туку треба да ги обештети сите граѓани затоа што тие штеделе. Покрај Соња Николовска и г-динот Зоре Блажевски беше пофалуван како усггешен бизнисмен, токму од претседателот Киро Глигоров. Поради тоа барам сите да бидат обештетени, а не државата да биде за некои мајка, за за некои маќеа. Значи барам подршка од сите пратеници и "Македонија Реклам " да влезе во обештетените граќани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-ѓа Наталија Марковиќ-Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА:**

Господине претседателе, колеги пратеници, претставници на Влада,

Со оглед што претставникот на Министерството за финансии, поточно заменикот на министерот за финасии има силна аргументација врз која се потпира ова законско решение за селактивен пристап на штедачите во штедилниците, и со респект кон наговата аргументација, сепак овие штедачи кои се штедачи на "ЛАВЦИ"-Охрид, "Македонија Реклам"-Скопје, "Југомаркет"-Скопје, "Инваст консалтинг", "Еуро "Инвест Банка", "Кариќ Банка", "Џамаданче", "Пазар на Пари" и" Хартии од вредност", се граѓани на Република Македонија кои не се обештетани.

Апелирам до заменик министерот, Министерството за финансии, повторно ќе кажам, почитувајќи ја оваа аргументација на принцип штедилници и грижа на државата заради супер визијата на Народна банка на РМ, да најде начин и инструмент што ќе ни го предложи во вид на законско решение за обештетување и на другите граѓани во РМ, се со цел селективно да не пристапуваме кон обештетување на граѓаните на РМ, штедачи во претпријатије или штедилниците, како што претходно ги нарековте.

(Со седницата продлжи да раководи потпретседатлот на Собранието г-динот Томислав Стојановски)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот заменик министер.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Не би сакал повторно да зборувам , само да напоменам дека овие биле обични претпријатија и штедилници кои немале дозвола за работење и прибирање депозити од НБМ. Значи не биле штедилници. Како што реков биле само обични претпријатија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Воислав Стојановски.

**ВОИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас го подржувам амандманот на г-динот Анушев за промена на насловот на овој Предлог закон каде што е ограничено на "ТАТ", "ЛАВЦИ" и незнам кое беше уште едно, сметајќи дека сите во тоа време што штеделе во Република Македонија, на еден начин е инволвирана и Владата и државата во нивната кражба така да кажам. Со ваков закон штедачите на "Македонија Реклам" во однос на штедачите на "ТАТ".

Јас не се согласувам со образложениeто на г-динот заменик министер бидејќи и тие, што вели, биле штедилници под капата на државата и тие краделе и ги пљачкале штедачите и овие другите, како тие се викале, дали биле претпријатија или штедилници егзистирале во тоа време во оваа држава и тие луѓе исто биле изманипулирани и оштетени исто како и другите со благослов и учество на државата. Затао ќе го подржам овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Се јавувам да дадам одговор на заменикот министер, бидејќи имавме можност да слушнеме дека тие не биле регистрирани, претпријатиајта. Не е точно дека не биле регистрирани. Како може да не бидат регистрирани, а да работат. Дали има инспекција во оваа држава. Колку што јас имам информации тие биле регистрирани. Значи сега слушнавме една невистина не можам да прифатам тие да не бидат обештетени. Тоа е недостаток на контролата која веќе треба да постои не се виновни штедачите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тврдењето на министерот е дека не се за ваква работа регистрирани."

Има збор пратеникот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Мислам дека овој амандман што е поднесен и на кој реагираат еден дел од пратениците, треба да стои и "Инвест Консалтинг", "Инвест" - Скопје, "Еуроинвест Банка", "Кариќ Банка "- Скопје, "Џамаданче"-Скопје, "Македонија Реклам"-Скопје," АД-Прилеп "и "Пазар на пари".

Ако зборуваме и секогаш во овој Парламент се повикуваме сите на Уставот, не треба да правиме селективност во Уставот. Сигурно дека и тие граѓани биле измамени во тоа време. Не држи кажувањето на заменик министерот за финансии. Незнам како не ги усогласија ставовите г-динот Симев и заменик министерот за финансии, од иста политичка партија се. Но за тоа оставам да се договорат.

Сигурно, тоа што се предлага не треба да правиме селективност во однос на сите граѓани бидејќи пред Уставот сите се исти и ако оваа Влада направи еден исчекор со тоа што ќе им се вратат оние украдени, некаде повеќе од 200 милиони, ако сите се соберат тоа се некаде над 270 милиони ДМ односно над 130 милиони евра. Значи и сите други фирми што ги наброивме сметам треба да влезат во интегралниот дел на текстот и да биде барем еден благ притисок на Владата да се најдат можности, иако по ова укажување на заменик министерот дека не биле регистрирани како штедилници, а биле како фирми кои имале додатна дејност, со тоа што не биле подлежни на ревизија на НБМ, мислам дека треба да се најде начин и оваа Влада, оваа историска неправда на сите оние кои биле измамени во минатиот период, да им се помогне.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:** (продолжение)

Државата не треба да биде селективан, треба да се помогне на сите граѓани во"РМ. Сите граѓани во РМ се исти пред законот и пред Уставот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Молам, да се утврди точниот број на присутни пратеници во салата.

Дали ќе можеме да продолжиме со решенија, број на присутни, или ќе ги издискутираме како и порано сите амандмани па потоа ќе ги ставиме на гласање кога ќе имаме кворум.

53 пратеници се присутни во салата.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амадманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, за гласале 26 пратеници, воздржано гласале 12, против 26 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Љупчо Анушев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Од истите причини и овој амандман не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Ве молам, утврдете го точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

За амандманот гласале 22 пратеници, воздржани 13, против 24.

Констатирам дека амандманот не е усвен.

Отворам претрес по амандманот на насловот на член 1 поднесен

од пратениците Димитар Бузлевски и Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

И овој амандман од истите причини не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 54 пратеници, за гласале 18 пратнеици, воздржано гласале 13 пратеници, против гласале 23 пратеници.

Ги молам службите да утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека гласањето е правилно спроведено и резултатите се оние кои ги објавив, а амандманот не доби подршка и не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот поднесен од пратеникот Александар Талески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа од истите причини кои ги напомнав.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ-ДИМОВА**:

Повторувам дека аргументацијата ја прифакам. Во овој предлог на амандман кој што го поднесува Талевски е проширен предлогот на Анушев кој исто така го поддржав. Меѓутоа, го молам претставникот на Владата, затоа што на највисоко возможно ниво е вниманието кај штедачите кои што се оштетени. Тие вложувале свои средства и нивниот влог не е вратен. Значи не се обесштетени. Тогаш претставникот на Владата барем нека објасни кој ги донел во заблуда тие граѓани. Имено, тие не штеделе во штедилници, туку ги давале своите пари во обични претпријатија. Во што е проблемот, зошто такви претпријатија опстојувале и им било дозволено да работат со пари на граѓаните на'РМ. Зошто тие биле доведени во заблуда и не ги давале своите пари во штедилници, или во банки кои што ги има во РМ. Тогаш претставникот на Владата нека даде образложение и нека каже дали е возможен инструмент и озаконување на некој предлог кој што и овие граѓани *ќе* ги обештети. Сепак се работи за голем број на граѓани и за голем број на штедилници, односно претпријатија кои што ја имале улогата на штедилница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г-дин потпретседателе, Јас апсолутно ја поддржувам г-ѓа Наталија Марковска. Јас се сложувам со ова што го зборуваше г-га Наталија и апсолутно ја подржувам, затоа што ставот на г-ѓа Наталија е исправен.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гралање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 54 пратеници, 19 пратеници гласале за, 17 пратеници гласале воздржано и 18 пратеници гласале против.

Во меѓувреме во броењето никој не ја напутил салата што значи дека во салата се присутни 62 пратеници и резултатите од гласањето се исправни.

Констатирам дека овој амандман Собранието не го прифати, односно амандманот не доби подршка од определн број на пратеници.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Александар Талевски.

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Го повлекувам амандманот.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, Со оглед на тоа дека вториот амандман е во директна корелација со првиот амандман и на мое големо жалење првиот амандман не помина, така што вториот амандман станува безпредметен и заради тоа го повлекувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот е повлечен и Собранието нема што повеќе да расправа.

Отворам претрес по амандман на член 2 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека текстот на амандманот е составен дел на текстот на предложениот закон.

Г-да пратеници, меѓувремено од службите ме известија дека покрај досегашните амандмани по кои расправавме и се заврши расправата пратеникот Вангел Симев има поднесено еден, или повеќе амадмани, незнам и тие сеуште не се поделени. По совет на стручната служба, секретарот на Собранието ова морало да биде во писмена форма. Ќе мора да почекаме.

Предлагам пауза од пет минути. - Ве молам бидете тука. - По паузата .

Продолжуваме со расправа по амадманот поднесен од пратеникот Вангел Симев?

Отворам претрес по амандманот на пратеникот Вангел Симев по предлог на законот.

Г-да пратеници продолжуваме со работа.

Бидејќи во меѓувреме пратеникот Вангел Симев поднесе амандман на насловот на предлог на законот и на член 1 по кој Владата не се произнела.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се извинувам, ова го пропуштив.

Отворам претрес по амандманот на Предлогот на законот поднесен од пратеникот Вангел Симев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ве молам да се создадат услови за работа.

Го чувте ставот на Владата дека амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Бев изненаден од законот кој беше поднесен. Очекував дека ќе има и дискусија, бидејќи се работи за голем број на штедилници на граѓани ограбени од Македонија. За жал, не се јавија ни подносителите поточно партијата која е на власт ДПМНЕ, исто така и СДСМ не се јави. Изненаден сум од двете партии. Бидејќи во тој момент бев отсутен, го пишував амандманот сега сакам да кажам неколку зборови во врска со амандманот. Морам да кажам дека од осамостојувањето до денес во Македонија владее хаосот од поединци и групи и институции кои постојано го поткрадуваат народот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Прва опомена, прекинете така да говорите.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Предлагам покрај наведените штедилници да влезе и претпријатието кое заменикот министер го нарече незаконито, односно нерегистирано. Јас тврдам и ќе му донесам документ дека тоа е регистрирано.

Од тие причини, не е штедилница, туку претпријатие. За мене тоа е сеедно исто, бидејќи таму пишуваше дека е претпријатие каде што се штедат пари, а не пишуваше коцкарница. И граѓаните веруваа затоа што г-динот Заре Блажевски беше прогласен за еден од најуспешните бизмисмени заедно со Соња Николовска. Сакам да кажам и тоа дека народот по втор пат сакате да го излажете со обврзниците, односно со издавањето на сертификати. Тие сертификати немаат никаква вредност од следните причини.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, напуштете ја говорницата. Ова е трета опомена. Ти неможеш да вршиш тиранија на толку луѓе овде.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Не е тиранија. Сакам да кажам дека го лажете народот. По втор пат штедачите во Македонија ги лажете.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам напуштете ја говорницата. Вие еднаш мора да сватите дека сте парламентарец, а не уличар.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Незнам кој е уличар, дали тие што ги крадат граѓаните, или тој што укажува на аномалите. Незнам кој е уличар?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 52 пратеници.

Молам, службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во моментот на гласањето биле присутни 58 пратеници. Меѓутоа влегоа повеќе пратеници и ве молам да го повториме гласањето. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, 18 пратеници гласале за, 39 пратеници гласале против и 7 пратеници гласале воздржано.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Вангел Симев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друб бар азбор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 67 рпатеници, 17 за, 9 воздржани, 41 против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлог на законот.

Молам кој бара збор? ( никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлог на законот и законот го ставам на гласање. - Ве молам да гласаме.

Гласаме за целиот закон.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Зошто не ми давате право да се искажеме како ќе гласаме?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Вкупно гласале 64 рпатеници, 60 пратеници гласале за, еден воздржан и тројца пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

Ја прекинувам седницата.

Ќе продолжиме утре со почеток во 12,00 часот.

(Седницата прекина во 19,20 часот.)